# НАОД И МИСЛЕЊЕ

Вешто лице :

XXXXXXXXXXXXXX

Овластен вештак од областа
на шумарството

Лиценца бр. XXXXX

Скопје, Март XXXXг.

# И З В Е Ш Т А Ј

## I. Општи податоци

Од лицето XXXXXXX со адреса на живеење XXXXXX, лк. бр. XXXX сопственик на приватна шума во атарот на село XXXXX, Општина XXXXXX, до мене , XXXXXXXX, овластен вештак од областа на шумарството со лиценца бр. ххххх доставено беше барање за изготвување на Вешт наод и мислење од областа на шумарството . Барањето беше доставено за потребите за водење на судска постапка за посечена шума во приватна сопственост и за изгубена добивка . Од мене како вешто лице се побара да изготвам Вешт наод и мислење во кој ќе ја утврдам количината на посечена дрвна маса , како и нејзината материјална вредност.

**Анализирана документација - увид**

Во прилог на ова барање ми беа доставени следниве документи (копии) од :

- Имотен лист бр.XX за КП бр. XX, КО XXXXXX ,култура шума (Парцелата се наоѓа на планината Козјак, )
- Имотен лист бр.XX за КП бр. XX, КО XXXXXX , култура ливада, Парцелата се наоѓа на планината Козјаk

**Записник од извршено теренското вештачење на ден 03.03.2021 година.**

Присутни лица на теренското судско вештачење се :

- XXXXXXX , овластен судски вештак од областа на шумарството со лиценца бр. XXXXX ,
- XXXXXX геометар, Друштво за геодетски работи XXXXX дооел XXXXX
- XXXXXXX, сопственик на двете парцели КП XX и КП XX кои се предмет на ова вештачење

На XX.XX. XXXX година по однапред договорен термин сите тројца горе наведени со теренско возило пристигнавме на КП XX и КП XX за да ги утврдиме границите на парцелите на самиот терен и да утврдиме дали во

наведените парцели е извршена сеча на букови стебла. По пристигнување на терен , сопственикот XXXXXX посочи кои се неговите парцели во кои се посечени букови стебла. Геометарот  XXXXXXXX на терен најпрво ја утврди и обележи границата на КП XX . После утврдувањето на границите , јас како вешто лице од областа на шумарството ја поминав целата парцела за да утврдам дали во истата се сечени букови стебла, колку стебла се посечени, дали истите биле маркирани (означени) за сечење, колку изнесувала нивната висина, дебелина на граден дијаметар,во кои период приближно се сечени, како се извлекувале од шумата, дали е направена штета при сечата, каков бил квалитетот на стеблата кои биле посечени, дали има појава на подмладок (вегетативен или генеративен), дали со сечата е нарушен развојот и опстанокот на шумата.

Согласно доверената задача по детално разгледување на документацијата и теренското вештачење , како вешто лице го давам следниот :

## **Н А О Д**

Општи податоци за шумата предмет на ова вештачење  :

Чиста букова шума од генеративно потекло со склоп 0,7-0,8 која припаѓа на шумската заедница Calamintho grandiflorae- Fagetum. Шумата има западна експозиција, н.в. 1020-1050м, инклинацијата на теренот 30-40%, матичниот супстрат силикатен , почвен тип дистричен камбисол. Шумата е со старост од 80 до 120 години. Во шумата се забележуваат стари и дебели стебла (крндељи)  и слаба генеративна обнова (подмладок), а речиси никаква вегетативна.




НАОД И МИСЛЕЊЕ

При теренската обиколка утврдив  (врз основа на пенушките) дека во КП XX вкупно биле посечени 33 букови стебла и паднати (откорнати) од ветроизвали 5 стебла.

Врз основа на состојбата на пенушките може да се каже дека овде сечата на стеблата е направена во два различни периоди ( можеби и повеќе, но тоа лесно може да се утврди врз основа на издадената документација за сеча и дотур од страна на ЈП Македонски шуми, подружница XXXXXX ).





На поздравите и не толку деструирани пенушки јасно се гледа  жигот од чекичот направен при маркирањето на истите.




За датур на посечената дрвна маса направени во шумата (во КП XX) биле две влаки (дотурен пат 100-150м) во горна и долна зона спрема долот. На долниот дотурен пат како резултат на стрмниот терен се случиле 5 извалувања (откорнување) на букови стебла. Истите се уште стојат паднати во долот.




## НАОД И МИСЛЕЊЕ

После утврдување на состојбата на шумата извршено беше премерување на посечените букови стебла со цел да се утврди нивната дрвна маса, а со тоа и нивната вредност. На секој посечена пенушка му се измерени два дијаметри, а градниот дијаметар го утврдивме врз основа на околните непосечени стебла преку метод на компарација. Истотака и висината на стеблата беше одредена од околните непосечени стебла. Секое измерено стебло беше обележано со број со црвена боја.





Беа измерени и три постоечки стебла со различити димензии како контролни стебла. Податоците од измерените стебла беа внесени во табеларен преглед и истите понатаму ќе бидат презентирани заедно со измерената дрвна маса . Врз основа на околните стебла може да констатираме дека 30% од секое посечено стебло може да се искористи како техничко дрво, а 70% може да се искористи како огревно дрво. Ова е многу битно при одредување на вредноста на посечените стебла. Сите овие податоци ќе ги прикажеме во табеларен преглед:

***Табела бр. 1*** Преглед на димензиите на посечените букови стебла, нивната дрвна маса и нивната врдност

| Ред Бр. | $d_{1/3}$ m | H m | V дрвна маса $m^3$ | техничко дрво $m^3$ | Вредност 30 000 Ден. / $m^3$ | огревно дрво $m^3$ | Вреднос т 7 000 Ден./ $m^3$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 0,80 | 26 | 6,76 | 2,028 | | 4,732 | |
| 2 | 0,50 | 25 | 2,53 | 0,759 | | 1,771 | |
| 3 | 0,70 | 25 | 5,14 | 1,542 | | 3,598 | |
| 4 | 0,36 | 24 | 1,23 | 0,369 | | 0,861 | |
| 5 | 0,72 | 25 | 5,45 | 1,635 | | 3,815 | |
| 6 | 0,70 | 23 | 4,71 | 1,413 | | 3,297 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 0,75 | 25 | 5,68 | 1,704 | | 3,976 | |
| 8 | 0,73 | 25 | 5,37 | 1,611 | | 3,759 | |
| 9 | 0,52 | 25 | 2,74 | 0,822 | | 1,918 | |
| 10 | 0,66 | 24 | 4,34 | 1,302 | | 3,038 | |
| 11 | 0,46 | 23 | 1,95 | 0,585 | | 1,365 | |
| 12 | 0,68 | 25 | 4,83 | 1,449 | | 3,381 | |
| 13 | 0,51 | 24 | 2,52 | 0,756 | | 1,764 | |
| 14 | 0,46 | 23 | 1,95 | 0,585 | | 1,365 | |
| 15 | 0,62 | 25 | 3,98 | 1,194 | | 2,786 | |
| 16 | 0,60 | 25 | 3,71 | 1,113 | | 2,597 | |
| 17 | 0,45 | 22 | 1,77 | 0,531 | | 1,239 | |
| 18 | 0,50 | 23 | 2,32 | 0,696 | | 1,624 | |
| 19 | 0,52 | 23 | 2,52 | 0,756 | | 1,764 | |
| 20 | 0,54 | 23 | 2,72 | 0,816 | | 1,904 | |
| 21 | 0,70 | 25 | 5,14 | 1,542 | | 3,598 | |
| 22 | 0.50 | 23 | 2,32 | 0,696 | | 1,624 | |
| 23 | 0,63 | 24 | 3,94 | 1,182 | | 2,758 | |
| 24 | 0,90 | 25 | 8,95 | 2,685 | | 6,265 | |
| 25 | 0,40 | 23 | 1,46 | 0,438 | | 1,022 | |
| 26 | 0,50 | 25 | 2,32 | 0,696 | | 1,624 | |
| 27 | 0,70 | 25 | 5,14 | 1,542 | | 3,598 | |
| 28 | 0.40 | 23 | 1,46 | 0,438 | | 1,022 | |
| 29 | 0,90 | 27 | 8,95 | 2,685 | | 6,265 | |
| 30 | 0,60 | 24 | 3,56 | 1,068 | | 2,492 | |
| 31 | 0,60 | 24 | 3,56 | 1,068 | | 2,492 | |
| 32 | 0,70 | 25 | 5,14 | 1,543 | | 3,598 | |
| 33 | 0,60 | 23 | 3,40 | 1,020 | | 2,380 | |
| | | | **вкупно 127,56** | **вкупно 38,268** | **вкупно 1 148 040** | **вкупно 89,292** | **вкупно 625 044** |

Вредноста на посечената дрвна маса пресметана е според ***„Правилникот за висина на цената за штети во шума“*** - Сл. Весник на Р. Македонија, бр.75 од 07.06.2010 година. Според **Член 2**

За противправно исечено стебло односно за противправно присвојување на паднато, прекршено или навалено стебло или дел од стебло, висината на цената на штетата изнесува:

1. За техничко обло дрво Бука 1 $m^3$ - 30 000ден.
2. За огревно дрво Бука 1 $m^3$ - 7 000ден.

Според теренското вештачење во КП XX вкупно биле посечени **33 букови стебла** со вкупна дрвна маса од **127,56 $m^3$** и со вкупна вредност од **1 773 084 ден.**
од кој **38, 268 $m^3$** техничко обло дрво со вкупна вредност од **1 148 040 ден.** и **89,292 $m^3$** огревно дрво со вкупна вредност од **625 044 ден.**

По утврдување на границите на КП XX од страна на геометарот, се утврди дека во оваа парцела се посечени само 4 многу стари стебла крндељи. Оваа парцела порано била ливада но денес решиси целосно е обрасната со млади букови стебла. Пресечените стебла се остатоци од поединечни стебла кои се користеле за сенка и пладнување на стоката во минатото. Во овие стебла нема техничко дрво . Истите можат да се користат само за огрев.

  

***Табела бр. 2*** Преглед на димензиите на посечените букови стебла, нивната дрвна маса и нивната врдност

| Ред Бр. | d 1/3 m | H m | V дрвна маса $m^3$ | огревно дрво $m^3$ | Вредност 7 000 Ден. / $m^3$ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 0,70 | 16 | 3,46 | 3,46 | |
| 2 | 0,60 | 18 | 3,51 | 3,51 | |
| 3 | 0,65 | 18 | 3,82 | 3,82 | |
| 4 | 0,56 | 18 | 3,23 | 3,23 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **вкупно 14,02** | **98 104** |

Според теренското вештачење во КП XX вкупно биле посечени **4 букови стебла** со вкупна дрвна маса од **14,02 $m^3$** и со вкупна вредност само на огревно дрво од **98 104 ден.**

Врз основа на теренското вештачење и точното утврдување на границитена катастарските парцели бр.XX и бр.XX од страна на овластеното лице XXXX геометар, Друштво за геодетски работи XXXX дооел XXXXX го давам следното :

## М И С Л Е Њ Е

- Во **КП бр.XX** вкупно се посечени **33 букови стебла** со вкупна дрвна маса од **127,56 $m^3$** . За стеблата пред да се посечат издадена е дозвола за сеча и направено е маркирање (видливи маркирации на пенушките) од страна на ЈП Македонски шуми, Подружница XXXXX . ***Да се утврди кој ја издал дозволата,во кој период временски, кој го направил маркирањето и врз основа на која документација (имотен лист) е спроведена оваа постапка. Дали законски е запазена целокупната постапка за сеча во приватна сопственост на шума***.
- Да се утврди кој ги посекол буковите стебла и врз кој основ добил дозвола да го направи истото.
- Истата работа да се утврди и за **КП бр.XX** во кој се посечени 4 букови стебла со вкупна дрвна маса од **14,02 $m^3$.**
- Доколку судот утврди дека незаконски му се посечени буковите стебла во КП XX и КП XX на сопственикот на овие парцели Јорде Јаќимовски да му се надокнади штетата според „***Правилникот за висина на цената за штети во шума***“.

ПРИЛОЗИ :
Во прилог на ова вештачење го доставуваме и Геодетскиот елаборат за обележување на катастарските парцели.

XX.XX.XXXX година, Скопје

Вешто лице :

XXXXXXXXXXXXXX

Овластен вештак од областа

на шумарството
Лиценца бр. XXXXX